РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/10
20.07.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 67 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација | | |
| **Датум** | **27.06.2023** година | **Време** | 10.00 – 12.00 часот |
| **Бр. на седница** | 67-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Блерта Превала Етеми– член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 16.6.2023 година.
2. Информација за прогресот во процесот на ажурирање на бели, сиви и црни зони и подготовка на DESI Извештајот на НКБК.
3. Информација за одржаниот kick-off состанок со консултантската куќа COWI за подготовка на Студија за изводливост за воспоставување на НТОМ, согласно НОБП.
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 67-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 66-та седница, одржана на 16.06.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, Славица Настеска информираше околу активностите за подготовка на новиот DESI извештај кој треба да го опфати периодот октомври 2022 – април 2023 година. Исто така информираше и околу активностите на Агенцијата за прибирање на ажурираните податоци од телеком операторите. Зоран Дервишов направи кратка презентација на документот за Извештајот за српоеденото мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите со состојба за крај на април 2023 година.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Буковалов информираше околу тековните и планирани активности, како и за за одржаниот kick-off состанок со консултантската куќа COWI за подготовка на Студија за изводливост за воспоставување на НТОМ, согласно НОБП.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија.

**Работна средба со претставници од консултантската куќа COWI**

По завршувањето на седницата следеше работна средба со експертите од консултантската куќа задолжена за подготовка на Студија за изводливост за воспоставување на НТОМ, согласно НОБП.

Од страна на консултантите присуство зедоа:

Antoneos Kargas – INCITES

Ioannis Neokosmidis – INCITES

Dimitris Katsianiss – INCITES

Slobodanka Jakimovska Josipovic - Local telecom expert

Од страна на НКБК им беше презентиран Извештајот за српоеденото мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите со состојба за крај на април 2023 година

Исто така им беше направена кратка презентација на платформата за NOBP – Implementation support system, како платформа чиј нарачател е Агенцијата, и со чија помош експертите ќе добијат јасен увид за белите, сивите и црните зони во државата.

увид за белите, сивите и црните зони во државата.

Понатаму се дискутираше околу структурата на територијална распределба по општини и по региони. Беа поставени и прашања за демографските индикатори и слично.

Од страна на експертите беше кажано дека до Министерството ќе достават листа на прашања поврзани со изработката на студијата.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________